ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:14-280/6**

**Дата:** 03.04.2012

**ДО**
**СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршивме ревизија на финансискиот извештај за приходите и расходите, заедно со ревизија на усогласеност на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија – СДСМ (во натамошниот текст СДСМ) на сметката - изборна кампања 2011 година. Финансискиот извештај, предмет на ревизија го опфаќа периодот од 12.05. до 29.06.2011 година.

Изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај за приходите и расходите за изборна кампања 2011 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со ревизијата е констатирано дека не постојат доволно докази за потврдување на бројот, седиштата на изборните штабови и начинот на нивно користење (со или без надомест).

Истакнуваме постоење на неколку системски слабости и тоа:

- за временскиот период меѓу рокот за поднесување вкупен финансиски извештај за изборната кампања и исплатата на средствата од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на општините и градот Скопје за секој добиен глас на изборите, по што сметката треба да се затвори, не е уредена обврската за известување. Поради тоа се случува во финансискиот извештај да не се опфатени трансакциите кои се случуваат од денот на изготвување на извештајот до денот на затворање на сметката за изборната кампања;

- не постојат законски одредби за натамошно постапување со неподмирените обврски поврзани со изборната кампања по затворање на сметката отворена за таа цел;
- настојувањето донираните средства за изборна кампања да се поврзат со конкретен расход во пракса е применливо во одредени случаи каде може да се лоцира конкретен расход (одобрен попуст прикажан во фактура, изјава од донаторот за бесплатно дадена услуга итн.), но не и кај физички и правни лица кои донираат парични средства;
- не е дефинирано дали донаторот-правно лице може да донира најмногу по 5% од вкупниот приход остварен во претходната година на секој поединечен учесник во изборната кампања или тоа е вкупниот максимален износ кој може да го донира во текот на една изборна кампања;
- потребно е преземање на мерки и активности од надлежните органи за преиспитување на максимално утврдениот лимит од 180 денари по запишан избирач како дозволено ниво на средства за финансирање на изборната кампања;
- потребно е поконкретно дефинирање на членот 84 од Изборниот законик, во насока дали утврдениот максимален лимит на средства за финансирање на изборната кампања (180 денари по запишан избирач) ги вклучува и дадените попусти од правните лица;

Ревизијата смета за неопходно да обелодени дека:
- постојат разлики меѓу издатоците за реклама и пропаганда, како и одобрените попусти искажани во финансискиот извештај на партијата и податоците од извештаите на радиодифузерите и печатените медиуми и
- доставени се корегирани фактури од два медиума, во кои дополнително е искажан одобрен попуст, поради што СДСМ до надлежните институции доставил дополнителен финансиски извештај за приходите и расходите, иако законскиот рок за негово доставување бил изминат.

Во законски утврдениот рок не се доставени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложениот финансиски извештај на страна 14 заедно со ревизија на усогласеност на сметката – изборна кампања 2011 година на СДСМ, која се состои од финансиски извештај за приходите и расходите за периодот од 12.05. до 29.06.2011 година и преглед на значајни политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансискиот извештај за сметката - изборна кампања 2011 година на СДСМ, бидејќи сметката е отворена на 11.05.2011 година.

1.4. Финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Бранко Црвенковски, претседател на СДСМ и
- Андреј Петров, секретар на СДСМ.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај којшто е ослободен од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансискиот извештај од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на СДСМ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансискиот извештај е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е заснован врз годишниот финансиски извештај составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансискиот извештај. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 06/10/2011 до 28/10/2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на СДСМ – предмет на ревизија, одржан на ден 13.12.2011 година.

### 3.1. Финансиски извештај

**Приходи и расходи**

3.1.1. При организирањето на изборната кампања за предвремени парламентарни избори, формирани се изборни штабови, при што со извршениот увид во деловните книги ревизорите утврдија дека, дел од штабовите просторно се сместени во објекти сопственост на партијата, објекти наследени од правниот субјект претходник на партијата и објекти изнајмени за користење за одреден надомест, согласно склучен договор.

На ревизијата не и се презентирани податоци за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски со правните/физички лица за преостанатиот дел од изборните штабови каде партијата користи деловен простор, што не е во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи. Поради тоа не е можно потврдување на вкупните трошоци во случаите каде партијата користи деловен простор со надомест или за висината на донацијата во случаите каде што партијата користи објект без надомест.

**Препорака**

Централниот одбор на СДСМ, во иднина при организирање на избори да обезбеди одлука за бројот, седиштето и начинот на користење на објектот наменет за изборен штаб и да ги уреди меѓусебните права и обврски со сопствениците на деловниот простор.

## 4. Ревизорско мислење

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 3.1. се непостоење на доволно докази за потврдување на бројот, седиштата и начинот на користење (со или без надомест) на објектите наменети за изборни штабови, чие влијание се одрази врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

**Мислење – за финансиски извештај**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1. финансискиот извештај за приходите и расходите за период 12.05. до 29.06.2011 година го прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, резултатот од финансиските активности за приодот кој завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1 активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај на СДСМ, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Согласно одредбите на член 85 став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/06; 136/08; 155/08; 44/11 и 50/11) уредено е: “Организаторот на изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на завршување на изборната кампања да поднесе вкупен финансиски извештај за изборната кампања“. Од друга страна одредбите на член 71 став 6 од наведениот закон пропишува дека сметката за изборната кампања „се затвора откако ќе бидат исплатени средствата од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на општините и градот Скопје за секој добиен глас на изборите“. Надоместокот за трошоците за изборите согласно член 86 став 3 од наведениот закон ќе се исплатат најдоцна во рок од три месеци по поднесувањето на финансискиот извештај за изборната кампања врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори.

Доследната имплементација на наведените законски одредби во пракса предизвикува вкупниот финансиски извештај да не ги опфаќа трансакциите/промените во деловните книги кои се случуваат од денот на изготвување на извештајот до денот на затварање на сметката за изборните кампањи, што би имало влијание на реалното и објективното искажување на финансискиот извештај.

Надлежните органи да преземат активности за преиспитување на погоренаведените законски решенија и да предложат и достават до Собранието на Република Македонија предлог за изменување и дополнување на Изборниот законик.

5.2. Согласно член 84-б од Изборниот законик пропишана е обврска организаторот на изборната кампања да поднесе финансиски извештај за приходите и расходите на сметката за изборна кампања од денот на нејзиното отварање до крајот на десетиот ден од изборната кампања, односно еден ден по завршување на изборната кампања да поднесе финансиски извештај за приходите и расходите за втората половина од изборната кампања. Формата на наведените извештаи како и вкупниот финансиски извештај за изборната кампања утврден во член 85 од наведениот закон се дефинирани со Правилникот за образецот за финансиските извештаи за приходите и расходите за изборната кампања („Службен весник на Република Македонија" број 70/2011). Со извршениот увид на содржината на наведениот правилник како и содржината на самиот образец се констатира дека во членот 3 од Правилникот се бара пополнување на образецот „Финансиски извештај за приходите и расходите на жиро-сметката за изборната кампања" за секој донатор поединечно, без притоа да се напомене дека е потребно нивна консолидација. Во исто време со извршената ревизија се констатира дека начинот на потполнување на наведениот образец од различни политички партии е различно (одредени субјекти го применуваат сметководственото начело на пресметковна основа додека другите го применуваат сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени), додека обврската за потполнување на наведениот образец за секој донатор поединечно не е почитувана од учесниците во изборната кампања[1]. Барањето за потполнување на наведениот образец за секој донатор поединечно и поврзувањето на секоја донација со конкретен расход[2] во пракса е неприменливо, бидејќи освен во одредени случаи каде може да се лоцира конкретен расход (одобрен попуст прикажан во фактура, изјава од донаторот за бесплатно дадена услуга итн.), кај физички и правни лица кои донираат парични средства не е можно поврзување на донацијата со конкретен расход.

Ваквата состојба упатува на потреба од натамошно разработување на одредбите на член 84-б од Изборниот законик и Правилникот за образецот за финансиските извештаи за приходите и расходите за изборната кампања во насока на надминување на утврдените состојби и јасно дефинирање на

[1] Доследното почитување на наведената одредба во подзаконскиот акт во пракса значи дека ревидираниот субјект потребно е да изработи обрасци „Финансиски извештај за приходите и расходите на жиро-сметката за изборна кампања", колку што има и донатори;
[2] Член 84-б став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/06, 136/08, 155/08, 44/11 и 50/11);

сметководственото начело на известување и пропишување на позиции за неподмирените обврски[3].

5.3. Изворот на финансирање на изборната кампања е уреден со член 83 од Изборниот законик, додека финансирањето на редовното работење на политичките партии е уредено со членовите 8, 9, 10 и 19 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија" број 76/04, 86/08, 161/08, 96/09). Со извршеното споредување на наведените одредби за начинот на финансирање на редовното работење и изборната кампања, ревизијата го утврди следното:

- со одредбите на член 83 од Изборниот законик се пропишуваат изворите на финансирање на изборната кампања, но и ограничувањата од што не може да се финансира изборната кампања. Имајќи ги во предвид состојбите во пракса каде дел од учесниците во изборната кампања имаат создадени обврски кои не можат да се покријат од обезбедените средства на сметката на изборната кампања, овие обврски ќе бидат пренесени во деловните книги за редовната сметка каде ќе бидат покриени/платени од извори кои не се наведени во член 83 од Изборниот законик;

- во членот 83 став 2 алинеја 3 од Изборниот законик е уредено дека покрај другото изборната кампања може да се финансира и од „правни лица во висина до 5% од вкупниот приход во претходната година". Во ова одредба не е наведено дали за правното лице лимитот од 5% е кумулативен износ за донирање на политичките партии во текот на известувачкиот период или пак право на донирање кое се однесува на поединечен учесник во изборната кампања/политичка партија. Во исто време не е пропишана обврска донаторот - правно лице со одобрувањето на конкретната донација на одреден политички субјект/партија, покрај доставувањето на фактура или друг документ да достави и уредни и веродостојни податоци од надлежниот регистар за годишни сметки, со кој ќе се презентираат податоци за вкупните приходи на донаторот за претходната година[4].

Поради отсуството на податоци за вкупните приходи во претходната година примателот на донацијата/организатор на изборната кампања не е во

[3] За утврдената системска слабост дефинирана е препорака од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата и тоа наведена под реден број 2 од Информацијата за примената на законските прописи во предвремените парламентарни избори 2011 во врска со прашања за кои е надлежна Државната комисија за спречување на корупцијата.

[4] За утврдената системска слабост дефинирана е препорака од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата и тоа наведена под реден број 10 од Информацијата за примената на законските прописи во предвремените парламентарни избори 2011 во врска со прашања за кои е надлежна Државната комисија за спречување на корупцијата.

можност да обезбеди доследна примена на одредбите на член 83 став 4 од Изборниот законик[5].

5.4. Со одредбите на член 47 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 136/08), рамката/износот на максимално дозволените средства за финансирање на изборната кампања по запишан избирач во изборната единица, односно општината за која има поднесено листа на кандидати, односно листа на кандидат од постојните „60“ денари е поместена на „180“ денари. Согледувајќи ги податоците презентирани во Извештајот за конечните резултати од спроведените Предвремени парламентарни избори, одржани на 5 јуни 2011 година, за вкупниот број на гласачи запишани во избирачкиот список од една страна и вкупните обврски создадени од страна на организаторите на изборните кампањи од друга страна како и степенот на подмирени обврски од трета страна ревизијата го констатира следното:

- Вкупниот број на запишани гласачи во избирачкиот список изнесува 1.821.122 гласачи, односно организаторот на изборната кампања може да потроши најмногу 327.801 илјада денари (1.821.122 x 180 денари) или приближно 5.330.113 евра;
- Во пракса ниту еден од организаторите на изборната кампања за предвремените избори за пратеници го нема достигнато пропишаното максимално дозволено ниво;
- Нивото на обезбедени средства за изборната кампања и нивото на создадени обврски за време на изборната кампања белажат големи разлики, со што за голем дел од обврските во текот на изборната кампања не се обезбедени средства и
- Средствата кои се пропишани во член 86 од Изборниот законик (15 денари по добиен глас) за надоместување на трошоците за изборите кои се обезбедуваат по овој основ од Буџетот на Република Македонија, покриваат само мал дел од создадените обврски за време на изборната кампања.

Ваквата состојба ја наметнува потребата надлежното министерство и Собранието на Република Македонија да превземат активности за преиспитување на максимално утврдената рамка од 180 денари по запишан избирач и евентуално нејзино намалување[6].

[5] Ако висината на донацијата е поголема од износот утврден со член 83 став 2 алинеи 2 и 3 од Изборниот законик организаторот на изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата, разликата меѓу дозволената и донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Македонија.

[6] За утврдената системска слабост дефинирана е препорака од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата и тоа наведена под реден број 5 од Информацијата

5.5. Во членот 83-а став 5 од Изборниот законик е уредено дека „Радиодифузерите и печатените медиуми попустите во цените кои ги даваат за политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања се сметаат за донација изразена во парична вредност„, при што истите од организаторите на изборните кампањи овие попусти треба да бидат презентирани во финансискиот извештај за приходите и расходите на жиро-сметката за изборната кампања. Утврдената законска норма од една страна и отсуството на детално разработување на максималниот лимит за право на трошење при финансирање на изборната кампања (најмногу по 180 денари по запишан избирач утврден во член 84 од наведениот закон), наметнаа прашање – дали во максимално утврдената рамка се вклучени сите дадени бесплатни услуги, услуги за кои плаќа трето лице, продажба на стоки или давање на услуги на организаторот на изборната кампања по цени пониски од пазарните, односно дали истите во исто време преставуваат приход, но и трошок за организаторот на изборната кампања. Ваквата состојба во пракса предизвикува различно постапување од страна на одговорните лица за изготвување на финансискиот извештај кај организаторот на изборната кампања. За потврдување на утврдената состојба ревизијата се обрати до надлежното министерство со кое побара мислење по однос на член 84 од Изборниот законик односно „дали во утврдениот законски максимум од 180 денари трошоци по запишан избирач се акумулирани/вклучени и дадените попусти во цените од радиодифузерите и печатените медиуми за политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања“, но до денот на известување за извршените ревизии не е добиен повратен одговор.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност

6.1. Согласно член 85 од Изборниот законик организаторот на изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на завршување на изборната кампања да поднесе вкупен финансиски извештај. По завршувањето на предвремените парламентарни избори СДСМ на 17.06.2011 година до надлежните институции доставил финансиски извештај за приходите и расходите на сметката изборна кампања 2011 година. Извештајот го опфаќа и периодот од 04.06-17.06.2011 година, за кој според одредбите од Изборниот законик немаат обврска да информираат. На 26.09.2011 година телевизиска куќа од Скопје и продукциска куќа од Скопје доставуваат до партијата корегирани фактури. Овие фактури во однос на претходно доставените се разликуваат за искажаниот попуст во

за примената на законските прописи во предвремените парламентарни избори 2011 во врска со прашања за кои е надлежна Државната комисија за спречување на корупцијата.

вкупен износ од 19.330 илјади денари. Истакнуваме дека и во одредбите од склучените договори со двата медиума, не се спомнува одобрен попуст, туку само вредноста на услугата согласно првично доставените фактури. Согласно член 83-а од Изборниот законик овој попуст има третман на донација и истиот треба да биде искажан во финансискиот извештај. Одговорните лица во СДСМ информираа дека со цел јавно и транспарентно информирање, а поради дополнително доставените фактури од медиумите, партијата, после законски определениот рок за доставување извештај до надлежните институции, на 05.07.2011 година до надлежните институции, доставува дополнителен финансиски извештај во кој се вклучени одобрените попусти. Обврските спрема медиумите се целосно подмирени при што фактурата од телевизиската куќа од Скопје е платена со склучување на четири договори за цесија.

6.2. Според дополнително доставениот извештај, СДСМ има искажано трошоци во вкупен износ од 53.463 илјади денари. Овој износ претставува збир од:

- исплатени средства во вкупен износ 29.161 илјади денари за организирање на предвремени парламентарни избори 2011 година;
- расходи финансирани од донации во висина на одобрениот попуст во износ од 19.330 илјади денари и
- неподмирени обврски спрема добавувачите во износ од 4.972 илјади денари.

Најголем дел од трошоците или 96% (51.323 илјади денари) се однесуваат на издатоци за реклама и пропаганда.

Согласно одредбите од Изборниот законик радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија се должни најдоцна 15 дена по денот на завршување на изборната кампања, да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од организаторите на изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа. Овој извештај треба да се достави до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата.

По извршениот увид на издатоците за реклама и пропаганда во сметководствената евиденција на СДСМ и направената споредба со доставените извештаи од радиодифузерите и печатените медиуми констатирани се отстапувања и тоа:

- Сите радиодифузери не ја почитувале законската обврска и до надлежните институции не доставиле извештај за рекламниот простор искористен од партијата и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа. Според сметководствената евиденција на СДСМ, постојат фактури од радиодифузери во износ од 879 илјади денари кои се однесуваат на издатоци за реклама и пропаганда, при што истите до Државниот завод за ревизија не доставиле извештај;

- Прикажаните попусти од радиодифузерите, кој имаат третман на донација се за 4.654 илјади денари поголеми од истите прикажани во финансискиот извештај за изборната кампања на партијата;
- Според радиодифузерите кои доставиле извештај, прикажано е постоење на фактури во вкупен износ од 2.893 илјади денари, со вклучен попуст од 944 илјади денари, кои во сметководствената евиденција на СДСМ не постојат;
- На 27.06.2011 година секретарот на СДСМ доставил писмено барање до Советот за радиодифузија, од вкупната минутажа за платената политичка програма на СДСМ да се отстранат емитуваните спотови од страна на една телевизиска куќа од Скопје, за кои партијата не доставила писмена нарачка, истите биле без потпис и без одобрен медиумски план од организаторот на изборната кампања.

6.3. СДСМ во 2011 година со една деловна банка има склучено договор бр. 0306-125 од 05.05.2011 година за одобрување на долгорочен кредит. Договорот е склучен врз основа на Договор за утврдување на рамковен револвинг кредит – лимит на износ од 1.600.000 евра и Одлука за одобрување на долгорочен кредит донесена на ден 05.05.2011 година од страна на Кредитниот одбор на банката. Согласно договорот за одобрување на долгорочен кредит, банката на партијата и одобрила кредит за обртни средства во износ од 1.000.000 евра во денарска противвредност. Кредитот е со рок на отплата 72 месеци од денот на првото користење, во кој е вклучен грејс период од 6 месеци. На искористениот кредит банката ќе пресметува и наплатува камата по каматна стапка од 7% годишно, декурзивно. СДСМ пред отпочнување на користењето на кредитот до банката има доставено хипотека на недвижен имот кој се води на ул. Бихаќка бр.8, како обезбедување за уредното и навремено отплатување на кредитот, камата и други трошоци по кредитот.

Од одобрените кредитни средства, на сметката за редовно работење на партијата се пренесени 38.400 илјади денари (624.390 евра), што претставува 62% од одобрениот кредит. Од наведените средства 28.557 илјади денари (464.341 евра) или 46% од одобрениот кредит се пренесени на сметката - изборна кампања 2011 година и се искористени за таа намена. Средствата како приход се во целост прикажани во билансот на приходи и расходи на сметката - изборна кампања 2011 година, во делот останати приходи, а во вид на обврски се сметководствено евидентирани во 2011 година на сметката за редовно работење на партијата.

Ревизијата истакнува дека согласно одредбите на Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации, во делот на класите Краткорочни обврски и пасивни пресметковни сметки и Извори на средства, пропишани се сметки Обврски за краткорочни кредити, депозити и заеми и Долгорочни кредити од банките во земјата. Исто така во „Финансискиот извештај за приходите и расходите на жиро-сметката за

изборна кампања за период од 12.05. до 29.06.2011 година" пропишан со Правилникот за образецот, формата, содржината и начинот на водење на годишниот финансиски извештај за политичките партии под реден број 41 утврдена е позиција „камати на кредити и заеми".

Оваа констатација се однесува и на образецот за финансискиот извештај – биланс на состојба за непрофитните организации, каде во делот на Долгорочни обврски е наведена позицијата Долгорочни кредити од банки во земјата.

Во исто време ревизијата укажува дека одредбите од Изборниот законик не ги спомнуваат неподмирените обврски кои потекнуваат од изборната кампања, односно не одредуваат:

- колку може да биде нивниот максимален износ,
- начинот на постапување со нив по затворањето на сметката - изборна кампања и
- дали нивното евидентирање на сметката за редовно работење и отплаќање на обврските од средствата на таа сметка, противречи на одредбата од Изборниот законик според која сите трошоци за изборната кампања исклучиво се покриваат од средствата на сметката отворена за таа намена.

Скопје, 27.02.2012 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 12.05.- 29.06. 2011 |
|---|---|
| **Приходи** | |
| Приходи од донации | 19.934 |
| Останати приходи | 28.557 |
| **Вкупно приходи** | **48.491** |
| **Расходи** | |
| Комунални услуги и греење | 321 |
| Превозни транспортни услуги | 728 |
| Издатоци за реклама и пропаганда | 51.323 |
| Услуги за копирање, печатење и издавање | 354 |
| Изнајмување на простор и опрема | 662 |
| Други услуги | 69 |
| Провизија на платниот промет | 6 |
| **Вкупно расходи** | **53.463** |
| **Вкупни приходи - Вкупни расходи** | **-4.972** |